# ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНА ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА НА ТЕМА: „ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ИЗВОЗНИТЕ, ИНВЕСТИЦИОНИТЕ И ТУРИСТИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР“

На 15.11.2023 година, во с. Слепче, општина Демир Хисар, Локалниот економско-социјален совет на општина Демир Хисар, организира панел-дискусија на тема: „Искористување на извозните, инвестиционите и туристичките капацитет на општина Демир Хисар“. Настанот беше реализиран во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата на Младински културен центар- Битола, поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме Шведска. Целта на настанот беше разгледување на можностите за вмрежување, нови партнерства и промоција на капацитетите преку активностите на економската дипломатија, предпристапните фондови на ЕУ и трговска размена. Текот на панел дискусијата се реализираше по следниот редослед:

Поздравно обраќање на градоначалникот Никола Најдовски, кој ги поздрави присутните и изрази голема благодарност до организаторите и членовите на ЛЕСС истакнувајќи дека преку вакви интерактивни панел- дискусии се унапредува и развива социјалниот дијалог на локално ниво, односно, се дискутира заеднички со сите засегнати страни за важни економско-социјални прашања од областа на делување на локалната самоуправа.

Поздравно обраќање на Ненад Шундовски, претседавач на ЛЕСС Демир Хисар и претставник од Организација на работодавачи на Македонија, кој исто така ги поздрави присутните, истакнувајќи ја значајната улога на ЛЕСС, како можност локално да се решаваат локалните проблеми.

Презентација на дипломатско- конзуларната мрежа на Р.С. Македонија со акцент на капацитетите на економската дипломатија и  нејзината функција и активности надвор од границите на државата, од страна на Трајче Рушев, претставник од секторот за економска дипломатија при Министерство за надворешни работи на Р. С. Македонија. Во текот на оваа презентација беа презентирани начините на кој македонските компании се промовираат надвор од границите на државата, мерките преку кои државата им помага на македонските компании да се презентираат надвор, како бизнис климата во земјата што овозможува странските компании да инвестираат во Р.С. Македонија.

Економската дипломатија на државата  има стратегија за економските односи со странство, ивозните потенцијали, расположливата работна сила, капацитети, земјиште и други ресурси за странски инвестиции. Исто така, се дискутираше за македонските потенцијали преку „Tailor- based approach“ преку кој во Р. Северна Македонија ќе се привлечат странски инвестиции, ќе постои зголемен пласман на македонски производи на странски пазари и ќе се промовираат туристичките потенцијали за да се привлечат туристи. Секторот за економска дипломатија при МНР има соработка со Агенцијата за привлекување инвестиции, има активна соработка со амбасадорите и конзулите во различните земји и соработува на дневна основа со сите релевантни чинители во земјата во

поглед на економските прашања, а во насока на штитење на македонските интереси во странство. Исто така, има редовна соработка со домашните компании и стопанските комори. Во текот на нивната работа, тие постојано соработуваат и им помагаат на македонските компании да може да најдат нови пазари и да извезуваат но, исто така, на континуирана основа ги презентираат потенцијалите на различните региони во С. Македонија, за да можат да се привлечат инвестиции и туристи. На дискусијата се дискутираше и за Законот за финансиска поддршка на инвестиции, со кој се уредуваат видовите, висината, условите, начинот и постапката за доделување финансиска поддршка на инвестициите на деловните субјекти кои ќе инвестираат во РСМ. Целта на овој закон е да се поттикне економскиот раст и развој во државата.

Презентација за привлекување на странски инвестиции и поддршка на извозот од Игор Велевски, претставник од Агенцијата за инвестиции и поддршка на извозот на Р. Северна Македонија. На оваа презентација се претставија можностите и предизвиците со кои се соочуваат македонските компании со инвестициите и извозот. Исто така, беа дискутрирани за успешни примери на македонски компании кои покажуваат резултати. Агенцијата за странски инвестиции работи во насока на обезбедување на професионална грижа на странските инвеститори во државата. Целта е да се поддржат инвеститорите во нивните потреби и тоа во: поддршка за проширување, реинвестирање и барање на индустриски зони, барање на добавувачи, обезбедување на поддршка за човечки ресурси, обезбедување соработка со локални власти јавни институции. Исто така, Агенцијата е вклучена во промоција на домашните производи и услуги на странски пазари и обезбедува помош во процесот на зголемување на нивниот извоз. Домашните компании треба да ја зголемат свеста за придобивките од извозните активности преку информации за глобалните трендови и анимирање на нивно учество на меѓународни трговски настани. На дискусијата беше дискутирано за руската инвестиција „Гришко“ во Слепче, која започна со работа во 2012 година. Исто така, се спомена и германскиот „СТС Текстајлс“. Исто така, беше спомната и странската браунфилд инвестиција на италијански производител на храна кој ќе отвора производствен погон.

На панел дискусијата свое претставување имаа претставници од манастирскиот туризам кои ги претставија капацитетите и искуството со странците, како и можностите за привлекување на нови туристи. Свое обраќање имаа претставниците од манастирот Св. Јован Претеча, како еден од најзначајните манастири во Демирхисарско, кој успева да привлече голем број посетители од земјата и странство. Тие ја споменаа нивната научно-истражувачка дејност, како и потребата од можност да се организира стручен собир како би можеле да ја промовираат нивната работа која е значајна за Демир Хисар и државата, бидејќи располагаат со бројни книги, записи и информации. Исто така, е важно да постои простор каде би се реализирале ваквите собири за промоција на научно- истражувачката дејност на манастирот. Потенцијали за развој на овој вид на туризам се присутни но, главен проблем претставува отсуството на сместувачки капацитети, и кај манастирот и во градот. Но, иако постојат такви капацитети за сместување на туристи, тие многу малку и воопшто

не се промовирани никаде на веб страници и сл. потребно е да постои интегрирана туристичка понуда, каде што туристите ќе можат да посетат манастири и ќе им овозможат да посетат некоја природна убавина или атракција. Како дел од активностите за привлекување на странски туристи е да постојат еднодневни специјализирани тури но, и туристички водич. Во реализација на овие активности потребно е да постои помош од Општината. Исто така, беше презентиран и манастирот „Св. Петар и Павле“ во с. Смилево и посетата од различни туристи но, повторно се спомена недостатокот од промоција и сместувачки капацитети. С. Смилево исто така е познато по значајни историски настани кое го привлекува вниманието на домашни и странски туристи но, не е доволно промовирано.

На панел- дискусијата свое излагање имаа претставниците од компанијата Железник- компанија лоцирана во с. Сопотница за производство и трговија на челик и челични производи, метали и метални руди. Претставниците отворено дискутираа за проблемите со кои се соочуваат во производството. Имено, напоменаа дека се соочуваат со голем проблем со струјата односно, огромни трошоци за струја. Исто така, дадоа предлог дека треба да се размисли дали постои еднаков третман меѓу домашните и странските инвестиции и дека треба да се фокусираат напорите кон поддршка на домашните компании.

Кон дискусијата, се приклучи и претставник од потенцијалната странска инвестиција од Турција, Зорлу Глобал увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, образложувајќи ги предизвиците со кои тие се соочуваат. Претставникот дискутираше за неповолната клима за инвестиции, бавните административни процедури, проблемот со квалификувана работна сила. Исто така, истакна дека тие се соочуваат со институционалните бавни процедури кои не им овозможуваат почеток со работа. Според него се наметнува потребата од ефикасна администрација која ќе им овозможи на странските инвеститори навремено да ги завршуваат административните работи. Имено, ја претстави потенцијалната странска инвестиција, која планира да биде откупен центар на зеленчук и овошје, која ќе применува современи технологии во работењето. Дискусијата продолжи со квалификуваната работна сила, како и заминувањето на младите во странство. Вкупниот број на невработени луѓе во Демир Хисар изнесува 570, од кои 148 се во градот, додека 422 се во селата.

Претставникот од општина Демир Хисар, одделение за локален економски развој при општина Демир Хисар, диксутираше дека општината има стратешки цели кои се фокусираат кон развиен рурален туризам, развиени конкурентни семејни бизниси и мали претпријатија, како и унапредување и зголемување на земјоделското производство. Имено, општината планира да користи работна сила од околните рурални општини и села, Крушево, како и планира воведување на политика за нивно населување во Демир Хисар. Но, се наметнува потребата од стратешко планирање на создавање услови за привлекување на квалификувана работна сила и зајакнување на капацитетите на компаниите преку едукација и поддршка од општината.

На панел- дискусијата се разви плодна и конструктивна дискусија, каде сите присутни, претставници од засегнатите страни отворено дискутираа за подобрување на состојбата во општина Демир Хисар, од аспект на инфраструктура, привлекување на инвестиции и создавање услови за развој на бизнисот. Демир Хисар како мала општина располага со природни потенцијали но, и поволна положба. Се наоѓа во близина на Крушево, Битола и Прилеп. Има поволна географска положба и клима, има бројни манастири, Илинска планина. Располага со природни богатства, културно- историски богатства но, се наоѓа во неповолна ситуација. Се наметнува потребата од стратегиско- институционален пристап во создавањето на услови за економски раст и развој на општина Демир Хисар. Претставникот на комплексот Горна Куќа ја нагласи значајната улога на ЛЕСС на помалите и рурални општини кои ќе поддржат и овозможат создавање услови за поддршка на локалните бизниси од страна на државата, бидејќи тие се во понеповолна положба од големите бизниси и бизнисите во индустриските зони. Исто така, истакна дека за сите бизниси, без разлика дали се мали или големи треба да важат истите услови. Државата има обврска да овозможи еднаква поддршка за бизнисите во сите региони и општини што ќе резултира со економски раст и развој на државата.

Во контекст на тоа, од панел-дискусијата може да се извлече еден генерален заклучок дека е потребен системско-стратегиски и институционален пристап и поддршка за бизнисите, со фокус компаниите ориентирани кон извоз. Тоа значи дека фокусот треба да се стави кон промоција, подобрување на инфраструктурата и создавање услови за поддршка на демирхисарските компании.

Како предлози кои произлегоа од панел- дискусијата се следните:

1. Онлајн промоција на туристичките и сместувачките капацити со кои располага општина Демир Хисар;

2. Специфицирање на различни туристички понуди за домашни и странски посетители со фокус на манастирскиот и рурален туризам;

3. Запознавање на демирхисарските компании со Програмата за доделување на финансиска поддршка за реализација на инвестициските проекти;

4. Подобрување на инфраструктурата во Индустриската развојна зона во Демир Хисар;

5. Зајакнување на врските меѓу демирхисарските компании и странски инвеститори и добавувачи;

6. Вмрежување на македонските компании со странски компании, како и воспоставување контакти со странски туроператори за привлекување на туристи;

7. Промоција на манастирскиот туризам, манастирските капацитети, наследство и научно- истражувачка дејност;

8. Зајакнување на извозот на демирхисарските компании преку економска дипломатија, односно ангажман на економските промотери;

9. Активности на општина Демир Хисар за презентација на капацитетите пред економските промотори;

10. Зајакнување на врските со странски туроператори за организирање еднодневни посети на манастирите во Демир Хисар, со акцент на презентација на научно-истражувачката дејност на манастирите;

11. Поддршка на извозно ориентираните демирхисарски компании преку бесплатна регистрација на платформа за промоција на нивните производи;

12. Поддршка на извозно ориентираните демирхисарски компании за промоција на нивните производи на меѓународни саеми;

Институционална поддршка на ЛЕСС од страна на локалната самоуправа, како и 13. поддршка на програмските активности на ЛЕСС, со посебен фокус на локалните проблеми со кои се соочуваат граѓаните и компаниите;

14. Креирање на локални политики кои ќе ги поддржуваат инвеститорите и потенцијалните инвеститори во Демир Хисар, односно, поволно бизнис опкружување кое ќе овозможува привлекување на нови инвестиции во Демир Хисар;




МКЦ


ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР